РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

Бр. 03 - 915/14
05.08 2019 год.
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Кривогаштани, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ, на ден 05.08.2019 година се објавува:

**Ј А В Е Н   П О В И К**
**до**
**евидентирани невработени лица за вклучување во**
**Програмата Општинско - корисна работа**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект "Подобрени сервиси за позадоволни граѓани" за работно ангажирање од 20 (дваесет) часа неделно за период од 9 (девет) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување-Центар за вработување Прилеп.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани за 20 (дваесет) работни часови неделно.
За периодот додека лицата се работно ангажирани преку програмата „Општинско-корисна работа" истите не го губат статусот на невработено лице и истите се должни редовно да се јавуваат во Агенција за вработување- Центар за вработување Прилеп со цел почитување на обврските согласно Закон. На невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа" имаат сите невработени лица, при што предност ќе имаат лицата кои за прв пат се јавуваат за учество во Програмата.

На кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа ќе им биде исплатен паричен надоместок за работно ангажирање во висина од 9.000,00 денари месечно , со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

-Долгорочно невработени лица (над 12 месеци во евиденција,со предност на невработени лица над 5 години.
-Млади лица до 29 години
-Лица постари од 50 години
-Лица корисници на право на парична помош од социјална заштита или корисници на паричен надоместок по основ на невработеност.
-Жртви на семејно насилство.
-Лица со попреченост.
-Самохрани родители.

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

- **Негувател** 2(два) извршители (со завршено ССС со положена лиценца за негувател), ангажирани во градинката Весело Штркче Кривогаштани
- **Образовен асистент** 3 (три) извршители (со завршено ВСС со положени педагошки предмети), ангажирани во ООУ Манчу Матак Кривогаштани и ООУ Јонче Смугрески Обршани.

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа" можат да поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Прилеп во периодот од 05.08.2019 година до 16.08.2019 година, од 07:30 до 15:30 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Кривогаштани и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа" можат да се добијат во општина Кривогаштани кај лицето Дејан Киселоски, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа", Агенција за вработување- Центар за вработување Прилеп кај лицето Јасмина Николоска, Центар за социјлна работа Прилеп кај лицето Зоран Малкоски.

Градоначалник на Општина Кривогаштани

Рубинчо Шефтероски

Република Северна Македонија · ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ · Кривогаштани